# „Кој ќе рече: ‚Задоволен сум со Аллах како Господар, со исламот како вера и со Мухамед како пратеник‘ – нему му е загарантиран Џенетот.“

Ебу Сеид ел-Худри, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој ќе рече: ‚Задоволен сум со Аллах како Господар, со исламот како вера и со Мухамед како пратеник‘ – нему му е загарантиран Џенетот.“
[صحيح] [رواه أبو داود]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нè известил дека оној што ќе рече: „Задоволен сум со Аллах како Господар“ – односно како свој Бог, Одгледувач, Сопственик, Управувач и Поправувач на состојбите; „со исламот како вера“ – со сите негови прописи: наредби и забрани; и „со Мухамед како пратеник“ – како веровесник испратен од Аллах, со сè што ни го пренел – нему му е загарантиран Џенетот.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65906